Страшо Пинцур
Неготино

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СТРАШО ПИНЦУР
Бр. 01-263/1
29.10 2024 год.
НЕГОТИНО

# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А
## на училиштето
## за периодот од 2022 до 2024 година
(учебни 2022-2023 и 2023-2024 година)



Октомври, 2024 година

Скенирано со CamScanner

ТИМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА........................................................................................

ПОДРАЧЈЕ 1 ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ..........................................................................................

Индикатор 1.1 Планирања на наставниците...............................................................................

Индикатор 1.2 Наставен процес ..........................................................................................

Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето ...............................................................

Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата

Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари

ПОДРАЧЈЕ 2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ...............................................................................

Индикатор 2.1 Постигнувања на учениците ..................................................................................

Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата ................................ ...................................................

ПОДРАЧЈЕ 3 УЧИЛНИШНА КЛИМА...........................................................................................................

Индикатор 3.1 Училишна клима и односи во училиштето..................................................................

Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност ...........................................................................................

Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата ..........................................................................

Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците..........................................................................

ПОДРАЧЈЕ 4 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето..........................................................

Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика ..........................................................

РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА...................................................................................

**Вовед**

Извештајот е изготвен врз основа на врз основа на член 129 од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161 од 5.8.2019 год.) и новите индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН, ДПИ и МЦМС.

**Лична карта на ООУ “ Страшо Пинцур “- Неготино**

ООУ „Страшо Пинцур“ – Неготино е лоцирано на подрачјето на Петта месна заедница и е најстарото училиште во нашата општина изградено уште во далечната 1933 година. Својата воспитно – образовна дејност училиштето ја започнува во учебната 1937/38 година. Овој податок укажува на тоа дека нашето училиште е образовна институција со големо искуство, традиција и изграден имиџ.

После Втората Светска војна, во учебната 1945/46 година, училиштето го добило името на истакнатиот тиквешки револуционер Страшо Пинцур, кое име и денес гордо го носи.

Денес во рамките на општинското основно училиште работат и четири подрачни училишта во кои се остварува воспитно-образовна дејност за ученици од I до V одделение и тоа:

- → ПУ с. Криволак
- → ПУ с. Пепелиште
- → ПУ с. Војшанци
- → ПУ с. Црвени Брегови

Во сите четири подрачни училишта наставата се изведува во понови објекти, кои целосно ги задоволуваат потребите за изведување на современа настава.

Наставата во централното училиште се изведува во една зграда и во една барака, а од учебната 2011/2012 година пуштена е во функција и новоизградената фискултурната сала. Исто така, во состав на училиштето функционира и една комбинирана паралелка од I до IX одделение за ученици со посебни образовни потреби.

Во училиштето учат вкупно 853 ученици распоредени во 47 паралелки од прво до деветто одделение, вклучувајќи го и Центарот за поддршка за ученици со посебни потреби, со еден ученик.

**Мапа на основното училиште (централно)**

Училиштето е лоцирано во централното градско подрачје на ул. „Партизанска“, бр.146



***Општи податоци за централното училиште***

| | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | ООУ „Страшо Пинџур“ |
| **адреса, место, општина,** | ул.„ Партизанска“ бр. 146, Неготино, општина Неготино |
| **Телефон** | 043 361 900 |
| **Фах** | 043 361 900 |
| **Веб-страница** | www.spingur.mk |
| **е-маил** | spingur.negotino@gmail.com |
| **основано од** | 01.12.1944 година |
| **Верификација- број на актот** | 10-3718/3 од 16.06.1999 година |
| **Година на изградба** | 1933-37 година (стар дел) и 1985 (доградба на нов дел) |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Внатрешна површина на училиштето (м2)** | 1096 м2 |
| **Училиштен двор (м2)** | 2661 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 645 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |
| **Училиштето работи во смени** | Две смени |
| **Број на паралелки** | 31 |
| **Број на комбинирани паралелки** | Нема |
| **Јазик на кој се реализира наставата во училиштето** | Македонски јазик |
| **Во основното училиште има Центар за поддршка** | Има |
| **Во основното училиште има паралелки од музичко училиште** | Нема |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | Нема |
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | Нема |

***Општи податоци за ПУ с. Криволак***

| | |
|---|---|
| **Име на подрачното училиште** | ООУ „Страшо Пинцур“ - Неготино |
| **адреса, место, општина,** | с. Криволак, општина Неготино |
| **Телефон** | / |
| **Фах** | / |
| **Веб-страница** | www.spingur.mk |
| **е-маил** | spingur.negotino@gmail.com |
| **Основано од** | 1986 година |
| **Верификација- број на актот** | 10-3718/3 од 16.06.1999 година |
| **Година на изградба** | 1985 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Внатрешна површина на училиштето (м2)** | 249 м2 |
| **Училиштен двор (м2)** | 2369 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 200 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |
| **Училиштето работи во смени** | Една смена |
| **Број на паралелки** | 5 |
| **Број на комбинирани паралелки** | Нема |
| **Јазик на кој се реализира наставата во училиштето** | Македонски јазик |
| **Во подрачното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Нема |
| **Во подрачното училиште има паралелки од музичко училиште** | Нема |
| **Во подрачното училиште има ресурсен центар** | Нема |
| **Други податоци карактеристични за подрачното училиште** | Нема |

***Општи податоци за ПУ с. Пепелиште***

| | |
|---|---|
| **Име на подрачното училиште** | ООУ „Страшо Пинџур" |
| **адреса, место, општина,** | с. Пепелиште, општина Неготино |
| **Телефон** | / |
| **Фах** | / |
| **Веб-страница** | www.spingur.mk |
| **е-маил** | spingur.negotino@gmail.com |
| **основано од** | 1986 |
| **Верификација- број на актот** | 10-3718/3 од 16.06.1999 година |
| **Година на изградба** | 1985 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Внатрешна површина на училиштето (м2)** | 649 м2 |
| **Училиштен двор (м2)** | 1620 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 200 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |
| **Училиштето работи во смени** | Една смена |
| **Број на паралелки** | 5 |
| **Број на комбинирани паралелки** | Нема |
| **Јазик на кој се реализира наставата во училиштето** | Македонски јазик |
| **Во подрачното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Нема |
| **Во подрачното училиште има паралелки од музичко училиште** | Нема |
| **Во подрачното училиште има ресурсен центар** | Нема |
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | Нема |

***Општи податоци за ПУ с. Војшанци***

| | |
|---|---|
| **Име на подрачното училиште** | ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино |
| **адреса, место, општина,** | С. Војшанци, општина Неготино |
| **Телефон** | / |
| **Фах** | / |
| **Веб-страница** | www.spingur.mk |
| **е-маил** | spingur.negotino@gmail.com |
| **основано од** | 1948 година |
| **Верификација- број на актот** | 10-3718/3 од 16.06.1999 година |
| **Година на изградба** | 1948 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Внатрешна површина на училиштето (м2)** | 242 м2 |
| **Училиштен двор (м2)** | 2092 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | / |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |
| **Училиштето работи во смени** | Една смена |
| **Број на паралелки (чисти)** | / |
| **Број на комбинирани паралелки** | 2 (две) |
| **Јазик на кој се реализира наставата во училиштето** | Македонски јазик |
| **Во подрачното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Нема |
| **Во подрачното училиште има паралелки од музичко училиште** | Нема |
| **Во подрачното училиште има ресурсен центар** | Нема |
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | Нема |

***Општи податоци за ПУ с. Црвени Брегови***

| | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино |
| **адреса, место, општина,** | С. Црвени Брегови, општина Неготино |
| **Телефон** | / |
| **Фах** | / |
| **Веб-страница** | www.spingur.mk |
| **е-маил** | spingur.negotino@gmail.com |
| **основано од** | 1950 година |
| **Верификација- број на актот** | 10-3718/3 од 16.06.1999 година |
| **Година на изградба** | 2009 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Внатрешна површина на училиштето (м2)** | 100 м2 |
| **Училиштен двор (м2)** | 300 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | / |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |
| **Училиштето работи во смени** | Една смена |
| **Број на паралелки (чисти)** | 1(една) |
| **Број на комбинирани паралелки** | 2 (две) |
| **Јазик на кој се реализира наставата во училиштето** | Македонски јазик |
| **Во подрачното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Нема |
| **Во подрачното училиште има паралелки од музичко училиште** | Нема |
| **Во подрачното училиште има ресурсен центар** | Нема |
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | Нема |

## Просторни услови за работа на училиштето

## Податоци за училиштниот простор во централното училиште

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | Една зграда и една барака |
| **Број на подрачни училишта** | 4 (четири) |
| **Бруто површина** | 4402 м² |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | Приземје и два ката (во централното) |
| **Број на училници** | 26 |
| **Број на помошни простории** | 5 |
| **Училишна библиотека, медијатека** | 1(библиотека) |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |

**Податоци за училиштниот простор во с. Криволак**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 (Една) |
| **Бруто површина** | 2818 м2 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | Приземје |
| **Број на училници** | 5 |
| **Број на помошни простории** | 3 |
| **Училишна библиотека, медијатека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |

**Податоци за училиштниот простор во с. Пепелиште**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 (Една) |
| **Бруто површина** | 2469 м2 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | Приземје |
| **Број на училници** | 5 |
| **Број на помошни простории** | 3 |
| **Училишна библиотека, медијатека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |

**Податоци за училиштниот простор во с. Војшанци**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 (Една) |
| **Бруто површина** | 2334 м2 |
| **Број на спортски терени** | / |
| **Број на катови** | Приземје |
| **Број на училници** | 4 |
| **Број на помошни простории** | 2 |
| **Училишна библиотека, медијатека** | / |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |

**Податоци за училиштниот простор во с. Црвени Брегови**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 (Една) |
| **Бруто површина** | 400 м2 |
| **Број на спортски терени** | / |
| **Број на катови** | Приземје |
| **Број на училници** | 2 |
| **Број на помошни простории** | 1 |
| **Училишна библиотека, медијатека** | / |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно греење |

## Ресурси со кои располага училиштето

### Просторни услови

Училишната зграда располага со функционални и други просторни услови за изведување на воспитно-образовната дејност во училиштето.
Централното училиште располага со дваесет и два кабинети, четири училници, канцеларија за директорот, канцеларија за педагогот и психологот, наставниците, канцеларија за специјалниот едукатор и рехабилитатор, 4 канцеларии за административните службеници, простории за техничкиот персонал, сензорна соба, кујна и магацински простор.
Со тоа се создадени оптимални услови за реализација на воспитно-образовниот процес.

### Материјално технички ресурси

Училиштето се финансира од општината (државата). Дел од средствата за материјал и опрема ги добива од проекти, донации и од издавање на простории под закуп: фискултурната сала.

### Човечки ресурси

Од вкупниот број на вработени во училиштето, 67 се наставници. Според стручната подготовка на наставниците станува збор за високо едуциран наставен кадар кој перманентно, индивидуално и организирано работи на личното и организациското усовршување.

| **Кадар** | **Вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **друго** | |
| | | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | **93** | **22** | **71** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на наставен кадар | 67 | 14 | 53 | | | | | | | | | | |
| Број на воспитувачи | / | | | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 3 | | 3 | | | | | | | | | | |
| Административни службеници | 2 | | 2 | | | | | | | | | | |
| Помошно-технички кадар | 19 | 7 | 12 | | | | | | | | | | |
| Директор | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |
| Помошен директор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Образовни медијатори(доколку се ангажирани во училиштето) | 1 | / | 1 | | | | | | | | | | |

## Степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус – (9) | 4 |
| Високо образование – (8) | 67 |
| Виша стручна спрема – (7) | 3 |
| Средно образование – (5) | 18 |
| Основно образование – (4) | 1 |

## Старосна структура на вработените

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| 20-30 | 8 |
| 31-40 | 28 |
| 41-50 | 26 |
| 51-60 | 27 |
| 61-пензија | 4 |

## Бројна состојба на ученици (на ниво на училиште)

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 5 | 94 | 52 | 25 | 1 | / | 1 | / | 6 | 8 | 1 | / |
| **II** | 6 | 108 | 39 | 46 | 3 | 1 | 2 | / | 8 | 9 | / | / |
| **III** | 6 | 104 | 42 | 35 | 2 | / | 1 | / | 14 | 10 | / | / |
| **IV** | 6 | 99 | 38 | 42 | / | / | / | / | 8 | 11 | / | / |
| **V** | 7 | 106 | 40 | 45 | / | / | / | / | 14 | 6 | 1 | / |
| **I – V** | **30** | **511** | **211** | **193** | **6** | **1** | **4** | **/** | **50** | **44** | **2** | |
| **VI** | 4 | 105 | 48 | 45 | / | / | / | / | 7 | 5 | / | / |
| **VII** | 4 | 90 | 38 | 40 | / | / | 1 | / | 6 | 4 | 1 | / |
| **VIII** | 4 | 68 | 33 | 24 | / | / | 1 | / | 10 | / | / | / |
| **IX** | 4 | 78 | 37 | 30 | / | 1 | 2 | / | 5 | 3 | / | / |
| **VI – IX** | **16** | **341** | **156** | **139** | **/** | **1** | **4** | **/** | **28** | **12** | **1** | **/** |
| **I – IX** | **46** | **852** | **367** | **332** | **6** | **2** | **8** | **/** | **78** | **56** | **3** | **/** |
| **Центар за подд.** | **1** | **1** | **1** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **47** | **853** | **368** | **332** | **6** | **2** | **8** | **/** | **78** | **56** | **3** | **/** |

*Забелешка: Во текот на годината може да дојде до промена на бројот на учениците*

**Наставен јазик**

| | Наставен јазик- македонски | Наставен јазик- албански | Наставен јазик- турски | Наставен јазик- српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 46 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 853 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 67 | / | / | / |

**Извори и средства за користење на податоци потребни за спроведување на Самоевалуацијата**

Во процесот на спроведување на самоевалуацијата беше користена целокупната евиденција и документација на училиштето, како и податоци од професионалните досиеја на наставниците, како и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите во секое од подрачјата.

**Тим за спроведување на самоевалуацијата**

Врз основа на чл.129 од Законот за основно образование (Сл.на РСМ161/19)и а во врска со чл.3 од Правилникот за начинот на спроведување на самоевалуацијата во ООУ „Страшо Пинцур" Неготино, а на предлог на Директорот на училиштето, УО на седницата одржана на 26.09.2024 година донесе одлука за формирање училишна комисија за спроведување на самоевалуацијата во ООУ„Страшо Пинцур" - Неготино.

**Комисијата е составена од следните членови:**
**1.Трајанка Апостолова – наставник по француски јазик**
**2.Ангел Коцев – наставник по историја**
**3.Марина Станиславова – наставник во одд.настава**
**4.Јасмина Анѓелкова – наставник во одделенска настава**
**5.Фанка Мингова Јанчева – претседател на Совет на родители**

**Време на спроведување на самоевалуацијата**

Самоевалуацијата е спроведена во периодот од две наставни години (2022г.-2024г.) согласно Законот за основно образование

**Работните групи ги сочинуваа следните наставници:**

| | | |
|---|---|---|
| *1.ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ*<br><br>**Трајанка Апостолова - Координатор**<br><br>Цветанка Недева<br>Јованка Паункова<br>Татјана Ристова<br>Андријана Маркова<br>Александра Балкански | *2.ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*<br><br>**Јасмина Анѓелкова- кординатор**<br><br>Наталија Котевска<br>Јасмина Николова<br>Јулијана Данилова<br>Десанка Груева<br>Весна Караева | *3.УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО*<br>**Ангел Коцев- кординатор**<br><br>Велика Маркова<br>Елица Николова<br>Верица Шарац<br>Катерина Јорданова<br>Кире Петров |
| *4.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА*<br><br>**Марина Станиславова- кординатор**<br><br>Зоран Сирмев<br>Марика Вучкова<br>Цанка Георгиевска<br>Милица Дончева<br>Марија Стојкова | | |

| **ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | | |
|---|---|---|
| **број** | **Индикатор** | **Теми** |
| 1.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Планирање и реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето | •Средина и атмосфера за учење<br>•Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5 | Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| 2.1 | Постигнувања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| 2.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |
| **ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА** | | |
| 3.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за учениците со емоционални тешкотии<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |
| **ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | | |
| 4.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>Управување и раководење со ресурсите<br>Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

## 1. Подрачје: Планирање, настава и учење

| Индикатор | Теми | Дескриптори |
|---|---|---|
| Планирања на наставницит е | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците | **Многу добро**<br>Секој наставник пред септември изработува план за професионален развој. Според индивидуалните планови се прави План за професионален развој на ниво на училиште каде што се наведуваат приоритетите на кои ќе се усовршуваат наставниците. Исто така доколку во текот на учебната година има обука која е од интерес на наставниците училиштето овозможува присуство на истата.<br>Училиштето обезбедува навремена обука за наставници и стручни соработници во соработка со БРО за примена на современи методи и техники на планирањата на наставата. Сите наставници ги имаат проследено обуките и затоа нема извршено дисеминација на истите.<br>Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на психолошко-педагошката служба и се прегледуваат дневниците на паралелките, кои редовно, секојдневно се пополнуваат од страна на наставниците. Процесот на професионален развој на наставниците се одвива во соработка со БРО, а исто така и со приватни провајдери коишто си ги обезбедуваат самите наставници со сопствени средства. |
| | • Размена на искуства и информации при планирањето | **Многу добро**<br>Наставниците во своите годишни програми ги планираат активностите кои ќе ги реализираат во текот на наставната година.<br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети. Стручната служба ги следи нивните планирања два пати во секое полугодие. Наставниците се следени од директорот, психолошко-педагошката служба најмалку два пати во полугодие, од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ. Поддршката од директорот и стручната служба е преку насочување, следење, анализирање, активирање и мотивирање на работата на вработените и поттикнување за професионален развој. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата преку обуките кои ги нуди МОН преку провајдери за обука избрани од МОН. Потоа се следат обуките кои се нудат онлајн преку European Schoolnet Academy, Scientix, E-twinning или преку локални, национални и интернационални НВО. |
| **Документи**<br>Наставни планови и програми донесени од МОН<br>Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование<br><br>**Извори на податоци**<br>Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки, досиеа на наставниците; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следени планирања. | | |
| Наставен процес | •Реализација на наставни планови и програми | **Многу добро**<br>Наставниот процес во одделенска и во предметна настава по сите наставни предмети се реализира редовно, непречено и во пропишаниот обем, согласно изготвениот распоред. Наставниците редовно го пополнуваат и е-дневникот и тоа на дневно ниво или на седмично ниво, што е согласно ЗОО. Распоредот на часови го изготвува тим од наставници од училиштето, во консултации со стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава. Распоредот на часови за одделенска настава го изработуваат тим од наставници од одделенска настава, во соработка со предметните наставници кои предаваат во паралелките.<br>Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се прави промена на распоред со што тие часови се заменуваат со други часови, во полза на учениците. Кога наставникот ќе се врати должен е да ги надополни изгубените часови после завршување на редовната настава. Доколку отсуството е подолго се зема наставник-замена.<br>Дневните подготовки/сценарија наставниците ги прават секојдневно и тие ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, (групирани според Блумовата таксономија), очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Избор на наставни предмети | **Многу добро**<br>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Изборните предмети/активности ги има избрано ученикот согласно своите интереси.<br>Во месец мај на учениците им се поделија прашалници со понудена листа на предмети согласно Водичот за слободни изборни предмети. Врз основа на нивниот интерес се изготвија анкетни прашалници за слободен изборен предмет со листа од понудени 12 изборни предмети од сите 4 категории.<br>Поконкретно, за учениците од 3 до 6 одделение најпрво во март-април се прави анкета за да се види интересот на учениците околу подрачјата за изучување за слободни изборни предмети. Секој ученик избира по три предмети од две подрачја. Според добиените резултати се прави листата од изборни предмети кои треба да се изберат во текот на месец мај. |
| | • Избор на задачи, активности и на ресурси | **Многу добро**<br>Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. При тоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Училиштето располага со сензорна просторија за учениците со ПОП, а воедно претставува и Центар за поддршка на ученици со ПОП во регионот.<br>На наставните часови постои интеракција помеѓу наставникот и учениците со цел постигнување на планираните цели и слободно изразување на учениците. Наставниците при реализирањето на наставата користат лап топ, проектор, по потреба и телефони и таблети. Поради ограничениот број на смарт табли со кои располага училиштето, мал дел од наставниците во наставата користат смарт табла. Секој наставник согласно индивидуалните потреби на ученикот организира додатна и дополнителна настава, воннаставни и слободни ученички активности, како и учество во секции. Сите ученици имаат еднакви можности за вклучување во наставата преку различни техники и методи. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Добро**<br>Се реализираат МИО (интеркултурни) активности и тоа исклучиво само со учениците во одделението и ограничена група на ученици со меѓународни проекти.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Училиштето делумно е опремено со образовни ресурси, соодветно за секој предмет. Во мал дел училници има и интерактивни смарт табли. Имаме и само 28 таблети кои можат да се користат во наставата, како и два кабинети по информатика. |
| | • Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | **Многу добро**<br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.<br>На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.<br>Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. Учениците работат во групи, парови или други форми кои подразбираат меѓусебна интеракција. На наставните часови постои интеракција помеѓу наставникот и учениците со цел постигнување на планираните цели. Сите ученици, вклучувајќи ги и учениците со ПОП, имаат еднакви можности за вклучување во наставата. Наставниците често користат современи приоди во наставата.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Сепак во нашето училиште имаме најразлични ученици, ученици со ризик, ученици кои нередовно го посетуваат училиштето и ученици со потешкотии, па не е лесно сѐ добро да се прилагоди. Најтешко е со учениците од ромска националност кои поради често одење во странство, но и нивно работно ангажирање не доаѓаат редовно на настава и не се описменуваат. Кога ќе дојдат во вториот и третиот период од образованието не можат да следат воопшто настава затоа што најчесто не читаат и не пишуваат. |
| | Планирање и реализација на образовна инклузија | **Многу добро**<br>Задачите и активностите на часовите секогаш се прилагодени на индивидуалните образовни потреби на учениците и соработката е на високо ниво со образовните |

| | | |
|---|---|---|
| | | асистенти.<br>Во училиштето образовната инклузија е на високо ниво. Учениците кои имаат ПОП, после проценката од МКФ добиваат образовни асистенти и согласно препораките се изработуват програми за работа кои соодветствуваат со нивните образовни потреби, но и нивната попреченост. Прифатеноста на ваквите ученици од страна на нивните соученици е мошне добра и е во насока на помош и поддршка во секој аспект.<br>Во училиштето има формирано Инклузивен тим на училиште, но и инклузивни тимови за секој ученик поединечно за којшто, согласно проценката на МКФ, има потреба. Инклузивниот тим на училиштето има сопствена програма по којашто работи и преку која допринесува за подобрување на инклузијата, а Инклузивниот тим на ученикот изработува ИОП или др. потребна програма за ученикот со ПОП (на пример, прилагодена, модифицирана) и го следи напредокот на ученикот.<br>Најчести предизвици со кои се соочуваат е во делот на соработката со некои од родителите и сл.<br>ИОП се изработува согласно насоките дадени како мислење од МКФ, во соработка со надлежниот дефектолог и специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето делегиран од страна на Центарот за подршка, во случајот ООУ „Страшо Пинцур“, како и наставникот и образовниот асистент на ученикот. Ученикот се следи од страна на наставникот и образовниот асистент, а напредокот од страна и на неговиот инклузивен тим.<br>Соработката со надлежниот Ресурсен центар е на одлично ниво, редовно сме во комуникација и добиваме поддршка секогаш кога ни е потребна, а со образовните асистенти сме во секојдневна комуникација. Во соработка со стручната служба на училиштето се надминуваат тековните проблеми.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Децата од ромската етничка заедница не се доволно инклузирани во воспитно-образовниот процес и не се прифатени од страна на сите соученици, поради тоа што се семејно и воспитно запоставени, како и поради влијание на тешкиот економски и социјален статус. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во | **Добро**<br>Наставниот кадар секоја година изготвува годишна програма за МИО (интеграција) која делумно се реализира. |

| | | |
|---|---|---|
| | образованието | Има формирано Тим за училишна интеграција во нашето училиште, кој редовно се состанува по потреба и има предизвици, особено во делот на интеграцијата на учениците од ромска националност, за која сметаме причината лежи во недостигот од поддршка и соработка со нивните родители.<br>Во нашето училиште има ученици од ромска националност и мал број на ученици кои се декларираат како Албанци или Турци. Сите ученици зборуваат македонски јазик. Во училиштето немаме меѓуетнички проблеми.<br>Планираните активности се делумно реализирани, но во следниот период ќе се работи на подобрување.<br>Во учебната 2023/24 година имавме соработка со училиштето „Страшо Пинцур“ - Карбинци каде што има ученици од турска националност. Имавме две средби едната во нашето училиште и другата во нивното училиште каде што нашите и нивните ученици беа ангажирани во заеднички активности за изработка на сапуни, крем за раце, како и за изработка на маици и шиење на машни. |
| **Документи**<br>Концепција за основно образование (МОН/БРО, 2020)<br>Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)<br>Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО, 2021)<br>Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)<br>Водич за слободни изборни предмети (БРО, 2021)<br>Упатството за организирање заеднички наставни часови (МЦГО, 2021)<br><br>**Извори на податоци**<br>Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од од тимови за училишна интеграција (ТУИ), материјали од постапката за определување изборни / слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. | | |
| Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење | **Многу добро**<br>Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна, пријатна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за |

| | | |
|---|---|---|
| | | учење и за правилен социоемоционален развој на учениците. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење кои им помагаат за совладување на наставните единици и наставните теми. Начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и наставниците се трудат наставните содржини да им се пренесат на различни начини, презентации, работа во групи, насочена дискусија и на тој начин многу полесно го совладуваат наставниот материјал. На овој начин наставниците ги оспособуваат учениците и за решавање на сите проблеми во реалниот живот, но и ќе ги научи како да бидат дел од групата кои ќе придонесат за давање на предлози за подобрување на состојбата во различни аспекти на општественото живеење преку граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да размислуваат и слободно да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците навремено ги запознаваат учениците за следната наставна тема и активностите кои ќе следат при реализација на наставните единици. Ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките. Наставниците одговараат на сите поставени прашања од учениците за наставната единица и даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот. Тие редовно го следат напредувањето на учениците во совладувањето на наставните содржини. Учениците се пофалени од наставниците за вложениот труд и за постигнатите резултати. Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и ако не знаат нешто да прашаат слободно. Наставниците користат различни начини на мотивирање на учениците. |
| | • Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | **Многу добро**<br>Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Се превземаат многубројни активности за исполнување на истите и отстранување на пречките, како наставни и воннаставни активности, разговори меѓу учениците и стручната служба, ученици и директорот, индивидуални разговори наставник-ученик, наставник-родител, групни разговори меѓу наставник и ученици, индивидуализирана настава и настава подиференцијални нивоа. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Сите ученици имаат еднакви можности за вклучување во наставата преку различни техники и методи. Секој наставник согласно индивидуалните потреби на ученикот организира |

| | | |
|---|---|---|
| | | додатна и дополнителна настава. |
| **Извори на податоци**<br>Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници; интервјуа во фокус групи со родители и наставници. | | |
| Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика на оценување | **Многу добро**<br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, кое е континуирано, дијагностичко, формативно и сумативно. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Учениците и родителите се запознати како со стандардите за оценување така и со критериумите на оценување по секој наставен предмет. |
| | • Методи, форми и инструменти на оценување | **Многу добро**<br>Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно) и при тоа даваат усна и писмена повратна информација. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Се оценуваат усните и писмените одговори со различни нивоа на барања според способностите на учениците (тестови, контролни задачи, наставни листови, писмени задачи), како и проектните активности и степенот на ангажираност во наставните и воннаставните активности. Се оценува описно и бројчано, согласно барањата на ЗОО.<br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа.<br>Родителите и учениците редовно се информирани за постигањата на учениците. Значи училиштето има утврдено систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца кој доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и дадена препорака за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно. Родителите |

| | | |
|---|---|---|
| | | добиваат извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете за секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. |
| | • Коефициент на континуитет на успехот на учениците | **Многу добро**<br>Во училиштето наставниците и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за постигањата и напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), нивната редовност (евидентирање на присутноста), нивното поведение и евиденција на изречени воспитни мерки. Портфолијата на учениците исто така содржат информации за интелектуалниот, социјалниот и емоционалниот развој, како и потенцијалите на ученикот. Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во е-дневник.<br>Родителите редовно најмалку четири пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби, а родителите успехот, редовноста и поведението на учениците можат да го следат и преку е-дневникот достапен во секое време.<br>Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тримесечје. На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.<br>Одделенските и класните раководители, како и сите наставници на крајот на секое полугодие поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целото одделение, успехот на учениците по предмети, бројот на изостаноци поединечно и за цело одделение, изречените педагошки мерки и др. Изготвените извештаи и анализи се доставуваат до стручната служба и раководниот кадар на училиштето за понатамошни анализи и споредби кои служат за подобрување на воспитно – образовниот процес во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***<u>Споредбена анализа на податоците за средниот успех на учениците од IV до IX одд. во учебната2022/2023 и во учебната 2023/2024</u>***<br><br><br>На учениците кои постигнуваат континуиран одличен успех и забележителни резултати преку освојување награди на натпревари согласно Правилникот за пофалби и награди на учениците и првенци на генерација, им се доделуваат дипломи и пригодни награди од училиштето. |
| | •Користење на информациите од оценувањето во наставата | **Многу добро**<br>Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава, како и воннаставни активности и секции. |
| | | |

<table>
<tr><td colspan="3">Документи<br>Концепција за основно образование (БРО, 2020)<br>Стандарди и критериуми за оценување во основното образование (МОН, 2019 и 2020-дополнување)<br><br>Извори на податоци<br>Годишна програма за работа научилиштето, Записници на наставниците и стручната служба, Стандарди и критериуми за оценување, Увид во педагошка евиденција и документација, е –дневници, Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек-листи, евидентни листи; контролни тестови и наставни ливчиња), Примери на оценети ученички трудови, Анкети со ученици, родители и наставници, Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители, Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците, Годишен и полугодишен извештај на училиштето, Записници од состаноците на стручните активи, Записници од наставничките и одделенските совети; Интервјуа во фокус групи со родители и наставници.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Воннаставни активности и натпревари</td><td>• Обем и разновидност на планираните и реализиранитевон наставни активности</td><td>Многу добро<br>Училиштето планира и реализира воннаставни активности (СУА, разни манифестации, натпревари, проектни активности, и слично) кои се во согласност со интересите, желбите и потребите на учениците.<br>Училиштето им дава можност на учениците да бидат вклучени во воннаставни активности во зависност од нивните желби и можности не исклучувајки ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус или од различен етникум. Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти, спортски натпревари, посети на факултети и институции и сл.).<br><br>Добро<br>Училиштето треба да понуди поголем избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) и да се вклучат поголем број на ученици и наставници.</td></tr>
<tr><td>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности</td><td>Многу добро<br>Учениците во овие активности се вклучуваат по сопствен избор. Тие се активни субјекти при изборот на активностите и содржините, а наставниците имаат советодавна, координативна улога. Тие преку учество на разни приредби, прослави, манифестации и телевизиски емисии се афирмираат себе и училиштето. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности, во рамки на воннаставните активности.</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | • Вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности | **Добро**<br>Добар дел од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура.<br>Учениците треба да имаат поголем пристап до планирање на воннаставни активности и подготовка на програма за реализација на истите. Наставниците ги планираат воннаставните активности, но исто така и дел од учениците земајќи го нивниот интерес се вклучени во дел од планирањата. |
| | • Натпревари | **Многу добро**<br>Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. Училиштето и наставниот кадар се постојана мотивација и поддршка на учеството на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари со цел постигнување високи резултати од различни области, како и афирмација на личноста на ученикот. Има голем број на ученици кои учествуваат на натпревари од нашето училиште. |

**Документи**

Концепција за воннаставни активности во основното образование (БРО, 2020)

Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование (МОН, 2019 и 2020-дополнување)

**Извори на податоци**

Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн; Интервјуа со фокус група со родители и наставници.

**Јаки страни:**

-Мотивираност на наставниците за меѓусебна соработка и помош за надминување на проблемите во и околу наставата и наставниот процес воопшто;
-Користење на разновидни наставни форми и методи за работа со сите ученици, како и користење на стратегии и техники на учење и поучување на учениците;
-Родителите и учениците го доживуваат училиштето како безбедна, интеркултурна, стимулативна, мотиврачка и пријатна атмосфера во која учениците учат и правилно се развиваат;
-Учениците учат преку истражување на интернет, работа во групи, презентации и насочена дискусија;
-Учениците кои се со посебни образовни потреби се прифатени од учениците во училиштето и им помагаат да бидат дел од социјалната група во која припаѓаат;
-Учениците со посебни образовни потреби работат со образовни асистенти кои заедно со наставниот кадар, стручната служба ја совладуваат наставната предвидена содржина;
- Речиси сите ученици се вклучени во воннаставните активности според својот интерес;
- Со цел постигнување високи резултати од различни области, како и афирмација на личноста на ученикот, училиштето и наставниот кадар се постојана мотивација и поддршка во учеството на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;
- Учениците преку учество на разни приредби, прослави, манифестации и телевизиски емисии се афирмираат себе и училиштето;
- Училиштето располага со сензорна просторија за учениците со ПОП, а воедно претставува и Центар за поддршка на ученици со ПОП во регионот.

**СЛАБИ СТРАНИ:**
- Училиштето има недостиг од опремување на училници со интерактивни смарт табли;
- Учениците од ромска националност често отсуствуваат од редовната настава;
- Недоволна инклузираност на учениците од ромската етничка заедница во воспитно – образовниот процес;
- Нема спроведено МИО активности со други училишта;
- Училиштето треба да понуди поголем избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.);
- Учениците треба да имаат поголем пристап до планирање на воннаставни активности и подготовка на програма за реализација на истите.

**Идни активности и сугестии:**

-Во следниот период ќе се работи на планирање и реализирање на МИО активности;
- Во иднина поактивно ќе се вклучуваат учениците во планирање на вонаставните активности и при подготовката на програмата ќе се земат во предвид и нивните идеи, размислувања, сугестии и сл.
- Изработка на предлог проектен план за набавка на интерактивни смарт табли;
- Реализација на работилници со родителите на децата од ромската етничка група;
- Реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства и вклучување на учениците во проектни активности;

## 2 Подрачје: Постигнувања на учениците

| Индикатори | Теми | |
|---|---|---|
| **Постигнувања на учениците** | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди | **Многу добро**<br>Училиштето користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за ситеквалификациони периоди.<br>Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Секој наставник во текот на целата учебна година ги следи постигнувањата на учениците. Води индивидуален дневник во кој ги бележи сите активности од страна на учениците. Наставниците планираат и превземаат конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците. Постоењето на процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, како и на ученици со посебни образовни потреби.<br>- Во училиштето се следи и анализира редовноста на учениците.<br>Училиштето има изградена политика за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Понекогаш се запишуваат и ученици од други реони.<br>Во учебната 2023/24 година во одделенска настава има 20 ученици повеќе во споредба со ученици во учебната 2022/23 година, при што бројот на машки е зголемен за 13 ученици, а бројот на женски за 7 ученици. Во предметна настава има за двајца ученици повеќе во учебната 2023/24 година во споредба со претходната година, при што помалку за 5 машки ученици, а бројот на девојчиња е за 7 ученици повеќе.<br>Во однос на вкупниот број на ученици во предметна и одделенска настава, во учебната 2023/2024 година бројот на ученици е за 22 ученици поголем во однос на претходната 2022/2023 учебна година, од кои за 8 машки и за 14 женски ученици. |

**Број на ученици**
**учебна 2022/2023 година**

| Одделенија | машки | женски | вкупно |
|---|---|---|---|
| IV | 49 | 55 | 104 |
| V | 45 | 48 | 93 |
| VI | 56 | 33 | 89 |
| VII | 53 | 35 | 88 |
| VIII | 51 | 42 | 93 |
| IX | 43 | 35 | 78 |
| | | Вкупно: | 545 |

**Број на ученици**
**учебна 2022/2023 година**

| одделенија | машки | женски | вкупно |
|---|---|---|---|
| IV | 59 | 55 | 114 |
| V | 48 | 55 | 103 |
| VI | 52 | 47 | 99 |
| VII | 46 | 29 | 75 |
| VIII | 49 | 34 | 83 |
| IX | 51 | 42 | 93 |
| | | Вкупно: | 567 |

Во однос на постигнатиот успех, во одделенска настава во учебната 2023/2024 година има 7 одлични ученици повеќе во споредба со претходната 2022/23 учебна година, при што во однос на пол за 3 машки повеќе и за 3 женски повеќе одлични ученици. Многу добри ученици во учебната 2023/2024 година има за 15 ученици повеќе во споредба со претходната учебна година, и тоа: за 3 машки и за 12 женски. Се забележува зголемување и на бројот на ученици со добар успех, и тоа само за еден ученик. Меѓутоа, во однос на пол се забележува опаѓање за 6 машки ученици со постигнат добар успех, а пораст за 6 женски ученици. Со доволен успех има за 8 ученици помалку во споредба со претходната учебна година, при што се забележува помалку 10 машки со доволен успех, а две повеќе женски.

Во предметна настава во учебната 2023/2024 година има за двајца ученици повеќе со одличен успех во споредба со претходната учебна година, при што помалку за едно машко, а повеќе за 3 женски. Во 2023/2024 се забележува опаѓање на бројот на ученици со многу добар успех за 6 ученици, од кои 4 машки и две женски. Во учебната 2023/2024 година се зголемил бројот на ученици со постигнат добар успех за 7 ученици, од кои 8 машки, додека се забележува опаѓање на бројот на женски ученици со добар успех за едно женско. Во однос на ученици со постигнат доволен успех се забележува опаѓање на бројот за 16 ученици во учебната 2023/2024 година во споредба со претходната учебна година, од кои 6 машки и 10 женски.

Во поглед на заедничкиот постигнат успех во одделенска и предметна настава се забележува пораст на одлични ученици во учебната 2023/2024 година за 8 ученици, и тоа за двајца машки и за 6 женски. Бројот на ученици со многу добар успех е зголемен за 9 ученици во поглед на претходната учебна година, и тоа намалување на бројот на машки ученици со

| | | |
|---|---|---|
| | | многу добар успех за еден ученик, а пораст на женски за 10 ученици. Се забележува и пораст на бројот на ученици со добар успех за 8 ученици во споредба со претходната учебна година, од кои двајца машки и 6 женски. Во учебната 2023/2024 година се забележува големо опаѓање на бројот на ученици со доволен успех за 26 ученици, при што 16 помалку машки и 10 помалку женски.<br>Во учебната 2022/2023 година има 63 повторувачи и 39 неоценети ученици во рамките на редовната настава, додека нивниот број се редуцирал во наредната 2023/2024 учебна година, кога бројот на повторувачи изнесува 50 ученици, а бројот на неоценети на 21 ученик. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  Успех на учениците за учебната 2022/2023 година<br>221<br>111<br>116<br>60<br>Одлични<br>Многу добри<br>Добри<br>Доволни  Успех на учениците за учебната 2023/2024 година<br>229<br>120<br>124<br>34<br>Одлични<br>Многу добри<br>Добри<br>Доволни |

## УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023

| Одд | одлични | | | мн.добри | | | добри | | | доволни | | | среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно | |
| IV | 22 | 28 | 50 | 10 | 10 | 20 | 10 | 4 | 14 | 10 | 5 | 15 | 4,03 |
| V | 23 | 31 | 54 | 7 | 8 | 15 | 8 | 4 | 11 | 8 | 2 | 10 | 4,04 |
| VI | 11 | 19 | 30 | 6 | 8 | 14 | 10 | 7 | 17 | 6 | 6 | 12 | 3,84 |
| VII | 16 | 16 | 32 | 9 | 10 | 19 | 10 | 11 | 21 | 5 | 4 | 9 | 3,86 |
| VIII | 9 | 13 | 22 | 12 | 12 | 24 | 18 | 17 | 35 | 5 | 5 | 10 | 3,57 |
| IX | 15 | 18 | 33 | 10 | 9 | 19 | 9 | 9 | 18 | 2 | 2 | 4 | 4,10 |
| IV-IX | 96 | 125 | 221 | 54 | 57 | 111 | 65 | 51 | 116 | 36 | 24 | 60 | 3,94 |

## УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024

| Одд. | одлични | | | мн.добри | | | добри | | | доволни | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно |
| IV | 21 | 36 | 57 | 11 | 21 | 32 | 5 | 6 | 11 | 3 | 3 | 6 |
| V | 27 | 26 | 53 | 9 | 9 | 18 | 7 | 8 | 15 | 5 | 6 | 11 |
| VI | 15 | 22 | 37 | 9 | 12 | 21 | 8 | 9 | 17 | 2 | / | 2 |
| VII | 12 | 18 | 30 | 5 | 5 | 10 | 13 | 7 | 20 | 4 | 3 | 7 |
| VIII | 12 | 16 | 28 | 6 | 7 | 13 | 21 | 8 | 29 | 2 | 2 | 4 |
| IX | 11 | 13 | 24 | 13 | 13 | 26 | 13 | 19 | 32 | 4 | 2 | 6 |
| IV-IX | 98 | 131 | 229 | 53 | 67 | 120 | 67 | 57 | 124 | 20 | 16 | 34 |

**СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ ПО ОДДЕЛЕНИЈА НА ПОЛУГОДИЕ И КРАЈОТ НА УЧЕБНИТЕ 2022/2023 И 2023/2024 ГОДИНА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ДО IX ОДД.**

| Одд | Учебна 2022/2023 година I полугодие | Учебна 2022/2023 година Крај на учебна година | Одделение | Учебна 2023/2024 година I полугодие | Учебна 2023/2024 година Крај на учебна година |
|---|---|---|---|---|---|
| IV | / | 4,03 | IV | / | 4,09 |
| V | / | 4,04 | V | / | 4,21 |
| VI | / | 3,84 | VI | / | 3,97 |
| VII | 3,63 | 3,86 | VII | 3,64 | 3,81 |
| VIII | 3,20 | 3,57 | VIII | 3,46 | 3,79 |
| IX | 3,50 | 4,10 | IX | 3,37 | 3,81 |
| IV-IX | 3,44 | 3,94 | IV-IX | 3,49 | 3,99 |

## СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА ЗА СРЕДЕН УСПЕХ

| УЧЕБНА ГОДИНА | СРЕДЕН УСПЕХ |
|---|---|
| 2022/2023 | 3,94 |
| 2023/2024 | 3,99 |

## СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ ПО ОДДЕЛЕНИЈА И ПОЛ НА КРАЈОТ НАУЧЕБНАТА 2022/2023 И 2023/2024 ГОДИНА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ДО IX ОДД.

| Одлични женски % | | | | Одлични машки % | | | | Одлични –вкупно (%) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 |
| IV | 56% | IV | 63% | IV | 44% | IV | 37% | IV | 48% | IV | 53% |
| V | 57% | V | 49% | V | 43% | V | 51% | V | 57% | V | 53% |
| VI | 63% | VI | 59% | VI | 37% | VI | 41% | VI | 34% | VI | 39% |
| VII | 50% | VII | 60% | VII | 50% | VII | 40% | VII | 38% | VII | 42% |
| VIII | 59% | VIII | 57% | VIII | 41% | VIII | 40% | VIII | 23% | VIII | 35% |
| IX | 55% | IX | 54% | IX | 45% | IX | 46% | IX | 42% | IX | 26% |
| **Мн. добри женски %** | | | | **Мн. добри машки %** | | | | **Мн. добри вкупно %** | | | |
| Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 |
| IV | 50% | IV | 66% | IV | 50% | IV | 34% | IV | 19% | IV | 30% |
| V | 53% | V | 50% | V | 47% | V | 50% | V | 16% | V | 18% |
| VI | 57% | VI | 57% | VI | 43% | VI | 43% | VI | 16% | VI | 22% |
| VII | 53% | VII | 50% | VII | 47% | VII | 50% | VII | 23% | VII | 14% |
| VIII | 50% | VIII | 54% | VIII | 50% | VIII | 46% | VIII | 25% | VIII | 16% |
| IX | 47% | IX | 50% | IX | 53% | IX | 50% | IX | 24% | IX | 28% |
| **Добри женски %** | | | | **Добри машки %** | | | | **Добри вкупно %** | | | |

| Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV | 29% | IV | 55% | IV | 71% | IV | 45% | IV | 13% | IV | 10% |
| V | 36% | V | 53% | V | 72% | V | 47% | V | 12% | V | 15% |
| VI | 41% | VI | 53% | VI | 59% | VI | 47% | VI | 19% | VI | 18% |
| VII | 52% | VII | 35% | VII | 48% | VII | 65% | VII | 25% | VII | 28% |
| VIII | 48% | VIII | 28% | VIII | 51% | VIII | 72% | VIII | 37% | VIII | 36% |
| IX | 50% | IX | 59% | IX | 50% | IX | 41% | IX | 23% | IX | |
| Доволни женски % | | | | Доволни машки % | | | | Доволни вкупно % | | | |
| Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2023/2024 |
| IV | 33% | IV | 50% | IV | 67% | IV | 50% | IV | 14% | IV | 5% |
| V | 20% | V | 55% | V | 80% | V | 45% | V | 11% | V | 11% |
| VI | 50% | VI | / | VI | 50% | VI | 100% | VI | 13% | VI | 2% |
| VII | 44% | VII | 43% | VII | 56% | VII | 57% | VII | 11% | VII | 10% |
| VIII | 50% | VIII | 50% | VIII | 50% | VIII | 50% | VIII | 11% | VIII | 5% |
| IX | 50% | IX | 33% | IX | 50% | IX | 67% | IX | 5% | IX | 6% |

| | | |
|---|---|---|
| | | **СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ИЗОСТАНОЦИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2022/2023 И 2023/2024 ГОДИНА**<br><br>**Опфат на ученици**<br><br>Редовноста во наставата училиштето системски ја следи редовноста научениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и превзема конкретни активности.<br>Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 72,606 изостаноци, од кои 42,988 оправдани изостаноци и 29.618 неоправдани изостаноци.<br>Во учебната година 2023/2024 година вкупниотброј на изостаноци изнесува 97,340 изостаноци,од кои 49,107 се оправдани и 48,233 неоправдани.<br>Вкупниот број на направени изостаноци во учебната 2023/24 година е за 24,734 изостаноци повеќе во однос на претходната учебна година. Што се однесува на оправдани изостаноци, се забележува пораст за 6,119 изостаноци во споредба со претходната учебна година, додека во однос на неоправдани изостаноци се забележува пораст за 18,615 изостаноци во споредба со претходната учебна година.<br><br>**Споредбени податоци**<br><br><table><tr><th>Изостаноци</th><th>2022/2023</th><th>2023/2024</th></tr><tr><td>Оправдани</td><td>42,988</td><td>49,107</td></tr><tr><td>Неоправдани</td><td>29,618</td><td>48,233</td></tr><tr><td>Вкупно изостаноци</td><td>72,606</td><td>97,340</td></tr></table><br>Училиштето има политика на бележење и следење на изостанувањата. Од анализите што ги водат стручните соработници за последнитедве учебни години, може да се констатира дека постои зголемување на бројот на оправадни и на неопрвдани изостаноци.<br>Училиштето води редовна и уредна евиденцијаза изостаноците на учениците.<br>Преминување на учениците од едно училиште во друго училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција и документација согласно законските прописи.<br>Вкупниот број на ученици коишто не ја завршиле учебната година во последните две учебни |

| | | |
|---|---|---|
| | | години се 113 ученици (повторувачи), а вкупниот број на неоценети ученици изнесува 60 ученици. Најголем дел од повторувачите се ученици припадници на ромската етничка група. Во учебната 2023/2024 година се забележува опаѓање на бројот на повторувачи и на ученици кои биле неоценети во рамките на редовната настава, и тоа 13 повторувачи помалку во однос на претходната учебна година, и 18 ученици помалку кои биле неоценети во однос на претходната учебна година.<br>Училиштето ги запознава учениците со правото за  поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.<br>Училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. За таа цел редовно се одржуваат часовите по додатна и дополнителна настава, како и бројни воннаставни активности. |
| | • Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености | **Многу добро**<br><br>Учениците кои имаат посебни образовни потреби после проценката од МКФ добиваат образовни асистенти и согласно препораките се изработуваат програми за работа кои соодветствуваат со нивните образовни потреби, но и нивната попреченост. Прифатеноста на ваквите ученици од страна на нивните соученици е мошне добра и е во насока на помош и поддршка во секој аспект.<br>Исто така во училиштето е формиран и Училишен тим за инклузија, но и инклузивни тимови за секој  ученик одделно за којшто, согласно проценката на МКФ има потреба. Инклузивниот тим на училиштето има сопствена програма по којашто работи и преку која допринесува за подобрување на инклузијата, а Инклузивниот тим на ученикот изработува ИОП или др. потребна програма за ученикот со попреченост (на пример, прилагодена, модифицирана) и го следи напредокот на ученикот.<br>ИОП се изработува согласно насоките дадени како мислење од МКФ, во соработка со надлежниот дефектолог, специјален едукатор и рехабилитатор, наставник, родител, стручна служба и образовен асистент. Ученикот се следи од страна на наставникот и образовниот асистент, а напредокот од страна на неговиот инклузивен тим.<br>Во зависност од афинитетите и интересите на учениците училиштето има систем на идентификација на ученици со потешкотии во учењето/евидентни листови, разговори со ученици и родители/со нив се работи со диференциран начин на работа, а за постигнување на подобри резултати се одржува и  дополнителна настава и континуирано се следи нивниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | развој.<br>Исто така училиштето има и систем за идентификација на надарени ученици (тестови, разговори и следење на постигањата во воспитно-образовниот процес) се избираат активности кои посебно се развиваат. Овие ученици се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците и се упатуваат на натпревари и манифестации од различни области што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво.<br>Советувањата на родителите и учениците се реализираат согласно ЗОО и Програмата за советување на родители и ученици. Учениците кои имаат три или повеќе слаби оцени, 10 или повеќе неоправдани изостаноци или оние кои покажале несоодветно однесување во училиштето, заедно со родителите се повикуваат на групни или индивидуални средби, при што најпрво се разгледува проблемот, а потоа се договараат мерките кои треба да се превземаат за надминување на истиот.<br>Советувањето во поголем број случаи позитивно влијае врз надминување на причините заради кои се реализира истото, односно кај учениците се подобрува успехот, редовноста и се надминува несаканото однесување. Сепак, се забележува незаинтересираност од страна на родителите на учениците од ромска националност.<br>Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби, ја изведуваат главно наставниците, раководителот на паралелката и стручната служба. Постои работна атмосфера на часовите. Присутна е активната настава и интерактивно учење, со цел да се постигнат подобри резултати и напредок во учењето. Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа со што се мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во парови, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација притоа користејќи ги соодветните наставни методи. При реализирање на наставата се користат најчесто смарт телевизори, додека користењето на смарт таблите е застапено во мал број поради недостиг на истите. |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | • Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | **Многу добро**<br>За успехот и постигнатите резултати се дискутира на формално и неформално организирани поединечни или групни отворени родителски средби, се организира „отворен ден“ и постои истакнат распоред за приемни денови на сите наставници.<br>Посебно се обрнува внимание на учениците кои покажуваат послаб успех. Се дискутира за тоа како да им се помогне на истите. Со помош на наставниците, со солидните ученици и со родителите се работи на подобрување на успехот кај слабите ученици.<br>Наставниците даваат концизни информации преку родителските средби за разгледување на постигањата на целата паралелка. Секој родител индивидуално се информира за успехот на ученикот, неговата дисциплина, редовност и поведение. Одделенскиот раководител одржува најмалку четири родителски средби во текот на целата учебна година. Родителите и старателите преку е-дневник  добиваат неделни извештаи за активностите на нивните деца на училиште. Наставниците редовно го пополнуваат е-дневникот (на дневно ниво или на седмично ниво), што е согласно ЗОО. |

**Документи**

Концепција за основно образование (МОН/БРО, 2020)
Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)
Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО, 2021)
Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)
Водич за слободни изборни предмети (БРО, 2021)
Упатството за организирање заеднички наставни часови (МЦГО, 2021)

**Извори на податоци**

Извештаи засоработка со различни чинители за подобрување на постигањата; Квартални, полугодишни, годишни извештаи; Записници од наставнички совет; Годишен извештај за  работа на училиштето; Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик.

| | | |
|---|---|---|
| **Мерки за подобрување на постигањата** | • Редовност во наставата | **Многу добро**<br><br>Родителите и учениците редовно се информирани за постигањата на учениците. Училиштето има утврдено систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца кој доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и дадена препорака за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно. Индивидуалните средби наставниците ги запишуваат во е-дневник. Информирањето за постигањата на учениците се врши преку родителски средби, евидентни листови и е-дневник. Родителите добиваат извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете за секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Родителската средба се организира по однапред утврден дневен ред на која јасно се информираат родителите за општиот успех на учениците, нивното однесување и поведение. По барање на родителите се информира поединечно за успехот на учениците.<br>Советувањата на родителите и учениците се реализираат согласно ЗОО и Програмата за советување на родители и ученици. Родителите и учениците кои имаат три или повеќе слаби, 10 или повеќе неоправдани изостаноци или оние кои покажале несоодветно однесување во училиштето, се повикуваат на групни или индивидуални средби, при што најпрво се разгледува проблемот, а потоа се договараат мерките кои треба да се преземат за надминување на истиот.<br>Редовноста на учениците во наставата училиштето системски ја следи, при што ги анализира причините за отсуство од наставата и превзема конкретни активности. Во учебната 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 72,606 изостаноци, од кои 42,988 оправдани изостаноци и 29,618 неоправдани изостаноци. Во учебната 2023/2024 година вкупниот број на изостаноци изнесува 97,340 изостаноци, од кои 49,107 оправдани изостаноци и 48,233 неоправдани изостаноци. Споредбено, се забележува голем пораст во бројот на изостаноци во учебната 2023/2024 година во однос на претходната учебна година, и тоа за 6,119 оправдани и за 18,615 неоправдани изостаноци, односно вкупно за 24,734 изостаноци. Најголемиот број на неоправдани изостаноци се направени од страна на учениците од ромска националност, што како последица се отсликува и во слабиот успех во наставата на истите. |

| **2022-2023г.** | **Одлични** | | **Мн. добри** | | **Добри** | | **Доволни** | | **Повторувачи** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Етн. Припад.*** | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Број |
| ***Македонци*** | 218 | | 101 | | 80 | | 11 | | 4 | | 414 |
| ***Роми*** | 3 | | 9 | | 31 | | 42 | | 27 | | 112 |
| ***Турци*** | / | | / | | 2 | | 3 | | 2 | | 7 |
| ***Албанци*** | / | | 1 | | 3 | | 4 | | 2 | | 10 |
| ***Срби*** | / | | / | | / | | / | | / | | |
| ***Друго*** | / | | / | | / | | / | | / | | |
| ***Вкупно*** | **221** | | **111** | | **116** | | **60** | | **35** | | **543** |

| **2023-2024г.** | **Одлични** | | **Мн. добри** | | **Добри** | | **Доволни** | | **Повторувачи** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Етн. Припад.*** | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Број |
| ***Македонци*** | 229 | 100 | 105 | 87 | 89 | 69 | 5 | 15 | 6 | 16 | 434 |
| ***Роми*** | / | / | 12 | 10 | 28 | 21 | 26 | 76 | 29 | 78 | 95 |
| ***Турци*** | / | / | 1 | 1 | 4 | 5 | 1 | 3 | 1 | 3 | 7 |
| ***Албанци*** | / | / | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 6 | 1 | 3 | 7 |
| ***Срби*** | / | / | 1 | 1 | / | 2 | / | / | / | / | 1 |
| ***Друго*** | / | / | / | | / | | / | / | / | / | / |
| ***Вкупно*** | **229** | **100** | **120** | **100** | **124** | **100** | **34** | **100** | **37** | **100** | **544** |

| | | |
|---|---|---|
| | • Советување на родители/старатели и ученици | **Многу добро**<br><br>Советувањата на родителите и учениците се реализираат согласно ЗОО и Програмата засоветување на родители и ученици. Родителите и учениците кои имаат три или повеќе слаби, 10 или повеќе неоправдани изостаноци или оние кои покажале несоодветно однесување во училиштето, се повикуваат на групни или индивидуални средби, при што најпрво се разгледува проблемот, а потоа се договараат мерките кои треба да се превземат за надминување на истиот.<br>Советувањето позитивно влијае врз надминување на причините заради кои се реализира истото, односно кај учениците се подобрува успехот, редовноста и се надминува непримерното однесување.<br>Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во вонтаставниот процес (преку пофалби, разговори).<br>Училиштето промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. |
| | • Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | **Многу добро**<br><br>Училиштето има систем на идентификација на ученици со потешкотии во учењето/евидентни листови, разговори со ученици и родители/со нив се работи преку диференциран начин на работа, а за постигнување на подобри резултати се одржува и дополнителна настава и континуирано се следи нивниот развој.<br>Дополнителна настава се организира по барање на ученикот, родителот или по проценка на наставникот кој го информира родителот за потребата од ваков вид на настава со ученикот во рок од три дена од констатирањето на потребата, како и за распоредот кога таа ќе се одржува. Родителот дава согласност ученикот да следи дополнителна настава.<br>Дополнителна настава се реализира за учениците од второ до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одреден предмет или тема од предметот, ако ученикот има слаба оценка, ако ученикот подолго време отсуствувал како и кај ученици со потешкотии.<br>Учениците од второ до петто одделение може да посетуваат дополнителна настава по еден час неделно за најмногу два предмети, додека учениците од шесто до деветто одделение по еден час неделно за најмногу три предмети. Дополнителната настава трае додека ученикот |

| | | |
|---|---|---|
| | | не ги постигне очекуваните резултати. Наставникот ја планира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет за цела учебна година согласно потребите на учениците.<br>Работата на дополнителната настава е индивидуална и индивидуализирана. Групна работа е можна доколку сите ученици имаат иста потешкотија од одреден предмет.<br>Училиштето на месечна основа изготвува распоред за одржување на дополнителна настава и тој е истакнат на огласна табла и на веб страната на училиштето.<br>Доказите за напредокот на ученикот од дополнителната и додатната настава наставникот ги чува во портфолиото на ученикот.<br>Реализацијата на дополнителната настава се евидентира во педагошката евиденција за дополнителна настава. |

**Документи**
Концепција за основно образование (МОН/БРО, 2020)
Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)
Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО, 2021)
Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)
Водич за слободни изборни предмети (БРО, 2021)
Упатството за организирање заеднички наставни часови (МЦГО, 2021)

**Извори на податоци**
Годишна програма за работа на училиштето; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ).

**Јаки страни:**

• Активна соработка со родители преку индивидуални и групни средби организирани од страна на наставниците и стручната служба на училиштето со цел подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците;
• Училиштето системски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјален статус) ги анализира причините за отсуство од наставата и навремено превзема конкретни активности со цел зголемување на редовноста;
• Прифатеност на учениците со ПОП од страна на нивните соученици.

**Слаби страни:**

• Недостиг од смарт табли за потребите на наставниот процес;
• Голем дел од учениците од ромска етничка припадност неоправдано отсуствуваат од редовната настава и го зголемуваат бројот на изостаноци на ниво на училиште;
• Голем дел од учениците од ромска етничка припадност имаат слаб успех;
• Поголем дел од родителите на учениците од ромска етничка припадност се незаинтересирани за соработка со стручната служба и наставниците.

**Идни активности и сугестии:**

• Подготовка на предлог проектен план за набавка на смарт табли;
• Организирање работилници со цел зголемување на соработката со родителите од ромска етничка припадност и подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на нивните деца;
• Подготовка на предлог проектен план за ангажирање на тутори за работа со учениците од ромската етничка припадност.

## 3 Подрачје: Училишна клима

| Индикатори | Теми | Дескриптори |
|---|---|---|
| Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето | **Многу добро**<br>Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања. Училиштето спроведува специфични воннаставни активности по кои е препознатливо, вклученоста на наставниците и учениците во проекти од Еразмус +програмата, проекти во соработка со Локалната средина. Учество во различни хуманитарни акции кои водат кон подигнување на општествената свест за хуманост и поддршка. Реализација на голем број на воннаставни активности со вклученост на ученици од сите возрасни периоди.<br>Училиштето, обезбедува медиумското претставување кое се остварува преку електронски медиуми, социјални мрежи, локални, регионали и национални телевизиски медиуми, како и преку пишани медиуми.<br>Реализацијата на сите проекти, работилници, предавања и презентации и информирањето за планираните активности училиштето го обезбедува преку web страната spingur.mk, facebook профилот https://www.facebook.com/profile.php?id=100063578680301 и локалните и национални телевизиски медиуми РТК, КТВ и Телма.<br>Училиштето учествува во сите акции и манифестации организирани од страна на институциите во локалната заедница.<br>Учениците со особени постигања редовно се наградуваат и пофалуваат со цел промовирање на вистински општествени вредности. |
| | Кодекс на однесување | **Многу добро**<br>Во училиштето постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество имаат сите структури и истиот е изложен на видно место заедно со куќниот ред. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Училишна клима | **Многу добро**<br>Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваат и учениците да се грижат меѓусебно. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | **Многу добро**<br>Во училиштето е изработен Правилник со кој се пропишани пофалбите и педагошките мерки за однесувањето на учениците. Содржините се наменети за помотивиран позитивен однос на учениците во училишната средина. Сите ученици и родители се запознаваат со овие документи и нивната содржина на почетокот на учебната година. Родителите на учениците во нашето училиште се запознати се жалбените постапки (жалба за неправилно оценување, намалено поведение и сл). Тие се информираат преку заеднички родителски средби, Совет на родители, индивидуални родителски средби. Отсуствувањето на учениците најчесто е од неоправдани причини од страна на учениците од ромската заедница, а останатите се од оправдани причини (болест, натпревари и сл). Учениците се безбедни при престој во нашето училиште. Безбедноста на учениците се регулира со дежурства на наставниците пред почетокот на наставата, за време на малите и големиот одмор и по завршување на наставата. Училиштето гради политика на здрава училишна клима. Тоа го постигнува преку донесените прописи и правила на однесување на учениците. Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и на осмислување на начинот со кои тие потреби ќе се задоволат. Во креирање на политиката вклучени се сите наставници, ученици, родители но постои и отвореност за соработка со други соработници. Дисциплината на вработените и учениците е добра. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во текот на целиот престој на учениците во училиштето.<br>Вработените внимателно се справуваат со проблемите во врска со дисциплината и |

| | | |
|---|---|---|
| | | редовноста во наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. |
| | • Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | **Многу добро**<br>Училиштето има демократски формиран Ученички парламент, кој учествува во донесување одлуки за одредени прашања што се од интерес на учениците. Учениците се информирани за сите работи што се од нивни интерес и учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки во врска со тие работи.<br>Тоа се реализира преку активностите на Училишниот парламент преку кои се одржуваат средби и работилници.<br>Учениците членови на ученичкиот парламент се поканувaат и присуствуваат на некои состаноци на Училиштен одбор. |
| Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата | **Добро**<br>Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги користат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста кај сите структури (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Учениците и родителите се запознати со правата на децата. Некои наставни предмети третираат проблематика од еднаквост и правичност. Со учениците се организираат работилници на редовните часови. Во училиштето имаме ученици со различни психо-физички способности, како и ученици со пречки во развојот, истите се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Во училиштето постои Инклузивен Тим, кој се состои од директор, педагог, психолог, наставник, специјален едукатор и рехабилитатор, родител и образовен асистент, кои оддржуваат состаноци и го следат развојот и напредокот на учениците со посебни потреби. Кон овие ученици наставниците имаат индивидуален пристап и за нив се изготвуваат индивидуални образовни планови по сите училишни предмети. |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | • Еднаков и правичен третман на сите ученици | **Многу добро**<br>Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава. Училиштето води политика за промовирање на културната и верската разновидност во училиштето и пошироко. Учениците учат да ја почитуваат својата култура и традиција како и онаа на другите етнички заедници во Р.С. Македонија. Во училиштето е прифатен и се промовира мултикултурализмот преку соодветни проекти. Со учениците се организираат работилници на редовните часови, како и на одделенските часови. |
| Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите | **Многу добро**<br>Училиштето соработува со родителите на учениците низ разни форми: редовни родителски средби, индивидуални средби со родителите во приемните термини на наставниците како и во отворените денови. На овие средби се разгледуваат прашања кои се врзани со училишниот живот на учениците: наставните програми, начинот на организација на работата во училиштето, успехот на учениците, активности и проекти кои ги реализираат учениците. Родителите во училиштето учествуваат и преку посебни тела, како Советот на родители и членување во Училишен одбор, комисии на училиштето. Во програмата за работа на Советот на родители е наведено како да се зајакнат капацитетите на дејствување на родителите во подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, донесување на решенија и одлуки во интерес за реализација на истите. |
| Севкупна грижа за учениците | • Соработка со општината и урбаната заедница | **Многу добро**<br>Комуникацијата и односите со јавноста претстваува ат значаен сегмент во работата на едно современо, отворено училиште. Нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитно – образовни активности во соработка со локалната самоуправа, претставници на бизнис заедниците, воспитно-образовните установи, невладините организации, како и со институциите од областа на културата. Овие активности позитивно влијаат на социјалниот и моралниот развој на детето.<br>Училиштето има професионално организирано претставување и афирмирање преку медиуми, доближувајќи ја на тој начин работата и активностите на учениците со Локалната заедница. |

| | | |
|---|---|---|
| | Превенција и заштита од насилство | **Многу добро**<br>Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.<br>Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители.<br>Превземените активности придонесуваат за намалување на врсничкото насилство во училиштето. Во училиштето постои Тим за превенција од насилство, контакт лица за пријавување на насилство, Политика за ненасилство, Правилник за однесување на учениците во кои се пропишани и мерки за ваквиот вид на однесување, Советување на ученици кои пријавуваат несоодветно однесување, како и одредени анкети и работилници со учениците. Спроведувањето на активностите придонесуваат за подобрување на состојбата, намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на насилство. |
| | • Квалитет на достапна храна | **Делумно задоволува**<br>Училиштето обезбедува оброк за учениците со ПОП во училиштето. На состанок на Совет на родители се покрена иницијатива за обезбедување на топол оброк за секое дете. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Хигиена и заштита од болести | **Добро**<br>Хигиената во училиштето делумно задоволува. Наставниот кадар секојдневно воспитно делува посочувајќи им на учениците како да ја одржуваат хигиената во просториите во кои престојуваат. Подот на училниците, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секојдневно, пред почетокот на наставата и по заминувањето на учениците. Вратите и прозорците во училишниот простор се чистат според распоред на месечно ниво.<br>Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Со реализација на Еко програми се засадуваат дрвца со што се збогатува хортикултурното уредување. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | **Многу добро**<br>Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и имунизација на учениците и систематски прегледи на вработените. Училиштето соработува со Здравствен Дом и Завод за здравствена заштита за превземање на епидемиолошки мерки и дополнителна едукација за здравствено воспитување на учениците и родителите по одредени прашања од ова подрачје.<br>Од Технички институт на Македонија извршени се обуки за безбедност при работа со изработени правилници, со извештај за техничко мерење на инсталација, како и лабораториско мерење на штетни честички во воздухот.<br>Обучени се вработени за користење ПП апарати. Постои план за евакуација со шематски приказ кој се наоѓа на видливо место во училиштето. Училиштето има изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода со сите субјекти.<br>Од Дирекција за заштита и спасување, со потврда се потврдува дека има реализирано показна вежба за заштита од пожари, потврда за работилница за заштита при Прва помош, како и едукација за заштита од поплави. |
| | • Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | **Многу добро**<br>За учениците кои доаѓаат од социјално загрозени семејства редовно се организираат хуманитарни акции од различен карактер. На овие ученици училиштето им помага со училиштен прибор, понекогаш и со донација на облека и храна. На родителите им се помага во остварување на своите социјални права. Во соработка со Црвен крст во училиштето се реализираат хуманитарни акции, а исто така се реализираат и |

| | | |
|---|---|---|
| | | доброволни активности. Во училиштето се реализира обука за Промоција на Хумани Вредности - Црвен Крст во Акција (ПХВ - ЦКА),во организација на Црвен Крст Неготино. Со голема мотивација, примена на идеи и креативност, учениците учат како да изработат проект со кој би помогнале на социјално загрозени семејства.<br>Постои запис за реализираните активности во е дневник на секоја паралелка. |
| | • Грижа за учениците со здравствени проблеми | **Многу добро**<br>Училиштето т.е. наставникот е во постојана комуникација со ученикот којштo отсуствува од настава, електронски му доставува материјали и по враќањето на училиште му одржува дополнителни часови. Одделенскиот - класниот раководител континуирано соработува со стручната служба и останатите ученици за давање поддршка и соработка со ученикот со здравствени проблеми со цел полесно надминување на истиот и побрзо враќање во тековниот наставен процес. |
| | • Грижа за учениците со емоционални тешкотии | **Многу добро**<br>Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн).<br>Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење и подобрување на менталното здравје на учениците. |
| | • Давање помош при изборот за продолжување на образованието | **Многу добро**<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.<br>Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија, дава помош на учениците и нивните родители/старатели во избор на средното училиште. |

РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА

**Клучни јаки страни**
-Меѓусебна почит и разбирање на сите вклучени чинители во воспитно – образовниот процес;
- Во училиштето постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна етничка припадност и социјално потекло од страна на наставниците;
¬ Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку медиумите;
-Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа, безбедноста, грижата за здравјето на учениците и вработените е на високо ниво;
¬ Училиштето системски го следи почитувањето на кодексот на однесување на учениците и вработените, редовноста, дисциплината и поведението во текот на воспитно – образовниот процес;
¬ Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските / класните раководители и родителите на учениците.
- Родителите транспарентно се информирани за редовноста и дисциплината на учениците ( на родителски, индивидуални средби или со пристап во е - дневникот)

**Слаби страни:**
- Недостиг од квалитетна достапна храна за сите ученици
- Недоволно одржување на хигиена во училиштето

**Идни активности и сугестии:**
- Истрајност и доследност на иницијативата на Советот на родители во обезбедување на квалитетна храна за сите ученици;
- Реализирање на работилници со учениците и сите вработени во училиштето, со цел подобрување на хигиената во училиштето;
- Реализација на Еко акции, воведување Еко патроли.

**Подрачје: Управување, раководење и креирање политики**

Училиштето е основано на ден 01.12.1944, од страна на Околијски народен одбор Неготино, регистрирано под број 02-2268/1 од 21.12.1965.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр. 10-3718/3 од 16.06.1999 година, издадено од Министерството за образование и наука.

| Индикатори | Теми | Дескриптори |
| --- | --- | --- |

| | | |
|---|---|---|
| Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето | **Добро**<br>Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива - член 106 став 2, 4, 5 и член 107 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 год.).<br>Сепак, иако Законот за основно образование ги дава генералните рамки за избор на членови на УО, во Статутот на училиштето е предвиден дел за регулирање на начинот и постапката за именување на наставници, стручни соработници, воспитувачи и родители/старатели за членови на УО (Член 107, став 4, Службен весник бр. 161 од 5.8.2019).<br>Имено, членовите 26 став 2 и 27 став 2 од Статутот на училиштето, кои гласат:„**Наставничкиот совет се состанува во текот или на крајот од учебната година кога завршува мандатот на член/членови на училишниот одбор и на наставниците, стручните соработници и воспитувачите им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура за член на училишен одбор, по што се пристапува кон тајно гласање“** и „**Советот на родители се состанува во текот или крајот од учебната година во која завршува мандатот на членовите на училишниот одбор и на родителите, односно старателите им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура пред Советот на родители, по што се врши избор по пат на тајно гласање“** се почитуваат.<br>Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа. Со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос, а соработката е на солидно ниво. Нема случаи на одложување или неодржување седници поради немање кворум за работа.<br>Во однос на транспарентноста при работењето, не постои редовна практика на објавување заклучоци од седниците на УО.<br>Постои парцијална практика на споделување одлуки кои ги носи Училишниот одбор, која не е редовна и конзистентна, а ја дозволува членот 24 од Деловникот, кој на УО му дава дискреционо право да споделува само одлуки за кои цени дека е потребно. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите (член 108 од ЗОО) преку прирачници, законот за Основно образование и други подзаконски акти, но не сите имаат завршено обука преку која би ги развиле и подобриле своите компетенции. Иако членовите на УО се придржуваат кон Деловникот за работа, работењето е формално-правно и недостасува проактивен став со кој УО ќе придонесе во креирањето краткорочни и среднорочни политики за развој и унапредување на училиштето.<br>Членовите на училишниот одбор ги разгледуваат и/или им се презентираат програмските документи на училиштето пред нивно усвојување.<br>Трошењето на буџетот Училишниот одбор го следи континуирано во текот на целата година, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Статутот на училиштето (дел.бр.01-53/1 од 24.1.2020 година), во член 32, став 2 предвидува дека седница на УО се свикува по потреба, но најмалку еднаш во месецот, што не е случај и не соодветствува со Деловникот за работа на УО (член 3, став 2), каде стои „Седниците на одборот се одржуваат по потреба.“<br>**Членови на УО**<br>1. Фанка Мингова Јанчева, претседател – делегирана со Одлука на Советот на родители со деловоден број 02-3-3/5 од 02.10.2023 година, со мандат од три години;<br>2. Стојанче Волканоски – делегиран со Одлука на Советот на родители, со деловоден број 02-3/3/2 од 28.09.2022 година, со мандат од три години;<br>3. Данна Коцевски – делегирана со Одлука од Советот на родители на училиштето, со деловоден број 02-3/3/2 од 28.09.2022 година, со мандат од три години;<br>4. Петар Лазов – делегиран со Одлука од Наставничкиот совет на училиштето, со деловоден број 02-6/2/23 од 09.11.2021 година, со мандат од три години;<br>5. Марина Станиславова – делегирана со Одлука од Наставничкиот совет на училиштето, со деловоден број 02-6/2/18 од 14.08.2024, со мандат од три години;<br>6. Фросина Михајловска – делегиран со Одлука од Наставничкиот совет на училиштето, со деловоден број 02-6/2/26 од 26.09.2024 година, со мандат од три години;<br>7. Спасија Ѓорѓиева – делегирана од Советот на Општина Неготино, односно од Основачот на училиштето со деловоден број 02-67/2 од 24.06.2024 година, со мандат од три години; |

| | | |
|---|---|---|
| | • Раководење со училиштето | **Многу добро**<br><br>**Мисија:** *Реализираме современа и квалитетна настава која е прилагодена на потребите и интересите на учениците за почитување на различните етнички заедници и поттикнуваме доживотно учење!*<br><br>**Визија:** *Нашето училиште да биде училиште со современа, ефикасна и квалитетна настава прилагодена на потребите и интересите на учениците од различни етнички групи во една безбедна и дисциплинирана средина!*<br><br>Раководниот орган своето работење го заснова врз тимска работа. Раководењето е согласно законските прописи. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште.<br>Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи, како на пример Еразмус+, European Schoolnet Academy, Scientix, E-twinning и воспоставува соработка со локални, национални и интернационални НВО. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Управување и раководење со ресурсите | **Многу добро**<br>Директорот прави напори за максимално искористување на расположливите ресурси и набавка на нови. Како предизвик го наведува оспособувањето на нови простории за изведување на наставата и воннаставните активности за оптимално задоволување на потребите на учениците. Во училиштето се изготвува план и распоред за користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето преку Советот на родители планира, а преку средства од одобрениот буџет и сопствената сметка обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>Библиотечната евиденција, според библиотекарот, се води во согласност со Законот за библиотеките.<br>Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи во согласност со распоредот за работното време на библиотекарот.<br>Училишната библиотека располага со лектирни изданија кои го задоволуваат капацитетот за работа, секоја паралелка да работи со различна содржина. Постои недостиг од учебници кога има бројна разлика во генерациите и заради оштетеност и дотраеност.<br><br>**Не задоволува**<br>Училишната библиотека/медиатека не располага со читална. Училишната библиотека/медиатека не располага со компјутер и нема пристап до интернет. Исто така, изостанува водење електронска евиденција за издадените и вратените книги. |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со кадарот | **Многу добро**<br>Што се однесува до човечките ресурси, училиштето располага со наставен кадар, кој е соодветен по норматив, квалитетен и компетентен за реализација на сите наставни планови и програми, како и компетентни стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Во последно време има одредени кадри кои се дефицитарни, но сепак досега училиштето успешно се справува.<br>Училиштето е соодветно екипирано и со административен и помошно-технички персонал.<br>Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Најголем број од наставниците сметаат дека училиштето ги поттикнува стручно да се усовршуваат. Постои практика за вршење дисеминација на обуки. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.<br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот кој внесува ефективни иновации во работата и не постои практика на давање фидбек во насока на мотивација на вработените. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.<br>Организација и реализација на приправничкиот стаж се организира и реализира според интерен документ на училиштето, а се почитува и Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник и стручен соработник-приправник од Министерството за образование и наука. (https://mon.gov.mk/stored/document/pravilnik-programa-za-pripravnicki-ispit.pdf) |
| | • Следење и унапредување на наставниот процес | **Многу добро**<br>Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат чек-листи како подготовка за успешно следење на наставниот час. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во поглед на унапредување на наставниот процес постојат разни иницијативи и сугестии, од размена на искуства на наставници, советодавна улога на стручната служба итн. Во континуитет се следат и применуваат насоките од БРО и МОН. |
| **Извори на податоци**<br>Деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор; развојна програма на училиштето; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека. | | |
| Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика | **Многу добро**<br><br>Процесот на креирање политики, односно усвојување документи, прописи и носење одлуки предвидува претходно спроведени консултации со сите чинители засегнати за конкретните прашања по пат на доставување мислења, како и консултации со сите заинтересирани страни. Поконкретно, дел од наставниците директно учествуваат во изработката на развојниот план на училиштето, а индиректно скоро сите наставници се вклучени во самоевалуацијата која се прави на секои две години и врз основа на која се прави развојниот план на училиштето и се планираат понатамошните приоритети и активности.<br>Вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители се вклучени во процесот на креирање училишни политики. Училиштето прави напори за подобрување на политиките со цел унапредување на квалитетот за работење во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Резултати од развојно планирање | **Добро**<br><br>Раководниот орган ги следи и/или делегира следење на акциските планови за реализација на развојната програма.<br>Развојната програма за периодот 2021-2024 година ги предвидува следниве стратешки и развојни цели:<br><br>1. **Подобрување на квалитетот на наставата**<br>• Поттикнување на учениците и наставниците за поголемо учество на натпревари;<br>• Соработка со локалната средина;<br>• Реализирање работилници со родители и ученици со несоодветно однесување и неоправдани изостаноци;<br>• Подигнување на свеста кај ромското население за значењето на образованието, како и континуирана соработка со родителите на учениците – Роми со несоодветно однесување и неоправдани изостаноци;<br>• Професионално усовршување на наставниците;<br>• Подобрување на условите за работа со ученици со ПОП.<br><br>2. **Зголемување на безбедноста и грижа за здравјето на учениците во училиштето**<br>• Оградување на училишниот двор во ПУ с. Црвени Брегови;<br>• Обезбезбедување на услови за полесно и функционално движење на лицата со телесен инвалидитет;<br>• Подигнување на свеста кај учениците за важноста од консумирање на здрава храна.<br><br>3. **Подобрување на материјалните услови**<br>• Збогатување на библиотечниот литературен фонд;<br>• Континуирана набавка на наставни помагала;<br>• Подобрување на медијатеки во централното училиште и подрачните во с. Пепелиште и с. Криволак;<br>• Обновување и прераспоредување на компјутери.<br><br>4. **Подобрување на техничките и хигиенските услови**<br>• Пренамена на трпезариите во подрачните училишта во с. Пепелиште и с. Криволак;<br>• Естетско уредување на училишниот двор во централното училиште и подрачното училиште во с.Војшанци;<br>• Зголемување на бројот на грејни тела во подрачното училиште во с. Пепелиште;<br>• Подобрување на термо-изолација во подрачното училиште во с. Пепелиште. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Целите во развојната програма се конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата. При нивното идентификување се вклучени наставниците, родителите, учениците, Училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.<br>Информациите за резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма се споделуваат со засегнатите страни на Наставнички совет, на состаноците на Совет на родители и Училиштен одбор. Развојната програма се објавува и на веб сајтот на училиштето.<br><br>Развојниот план содржи акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели.<br><br>Планираните цели се реализираат, но постојат и предизвици при нивно остварување, особено во делот на: реализирање работилници со родители и ученици со несоодветно однесување и неоправдани изостаноци; Во подигнување на свеста кај ромското население за значењето на образованието, како и континуирана соработка со родителите на учениците – Роми со несоодветно однесување и неоправдани изостаноци; како и во пренамената на трпезаријата во ПУ с. Криволак. |
| | • Планирање и управување со училишниот буџет | **Многу добро**<br>Засегнатите страни се информирани за училишниот буџет и трошењето на Наставнички совет преку презентирање на Извештај од Годишната програма, преку давање на финансов извештај кој се објавува на веб сајтот на училиштето и се доставува до Советот на оштината на Неготино.<br>Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски за равојот на училиштето во целина и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето.<br>Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |

**Документи**
Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште

**Извори на податоци**
Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој.

**Јаки стани**

- Училишниот Одбор е конституиран во согласност со Законот за основно образование;
- Училишниот Одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган;
- При процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет вклучени се голем број чинители;
- Училиштето е вклучено во регионални и меѓународни училишни мрежи (преку Еразмус+, European Schoolnet Academy, Scientix, E-twinning и воспоставува соработка со локални, национални и интернационални НВО);
- Училиштето обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и воннаставните активности;
- Училиштето има соодветен, квалитетен и компетентен наставен кадар и стручни соработници;
- Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови;
- Раководниот орган работи тимски;
- Буџетот се користи за развојот на училиштето;
- Членовите 26 став 2 и 27 став 2 од Статутот („Наставничкиот совет се состанува во текот или на крајот од учебната година кога завршува мандатот на член/членови на училишниот одбор и на наставниците, стручните соработници и воспитувачите им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура за член на училишен одбор, по што се пристапува кон тајно гласање“ и „Советот на родители се состанува во текот или крајот од учебната година во која завршува мандатот на членовите на училишниот одбор и на родителите, односно старателите им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура пред Советот на родители, по што се врши избор по пат на тајно гласање“ се почитуваат во целост;
- Буџетот се следи континуирано во текот на целата година по квартали;
- Транспарентно споделена визија со сите засегнати страни;

**Слаби страни**

- Членовите на УО немаат завршено обука за подобрување на компетенциите;
- Не постои практика за оддавање признанија и мотивација на вработените;
- Евиденцијата во училишната библиотека не се води електронски;
- Недоставува современо уредена училишна библиотека/медијатека со читална, која располага со компјутер и има пристап до интернет.

**Идни активности и сугестии:**

- Организирање обука за членови на училишни одбори;
- Воспоставување практика за оддавање признанија и мотивација на кадарот и еднакви можности за тоа;
- Воведување на електронска евиденција во училишната библиотека;
- Трансформација на училишната библиотека со современа технологија и интернет пристап, како и уредување на читателско катче за потребите на учениците и наставниците.

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Училиштето ООУ „Страшо Пинцур" Неготино ја изврши својата самоевалуација врз основа на Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта, донесен врз основа на член 149 од Законот за основно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/0, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 10/12 и 24/13 ). За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и новите индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ и МЦМС.

Со цел поголема ефикасност во работењето комисијата задолжена за спроведување на самоевалуацијата на училиштето, согласно акциониот план изготвен за реализација на истата, формира работни групи по подрачја со по еден член како одговорно лице, кои имаа средби на ниво на одговорни лица, средби и работни состаноци со комисијата за самоевалуација, а потоа и одделно во групи по подрачја, како и предавања на кои беа запознати со структурата, целта и задачите, но и за процесот на самоевалуацијата на училиштето. Се изврши и проверка на потребната документација која послужи за добивање и користење на повеќе податоци. Се спроведуваа анкети и интервјуа со ученици, наставници, родители, директорот на училиштето и стручните соработници. Добиените податоци беа обработени и анализирани и врз нивна основа се донесе горенаведениот извештај.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките, но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и поквалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува

приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува, не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка – **многу добар.**

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите четири подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

***ПРЕДЛОГ МЕРКИ:***

- Во следниот период ќе се работи на планирање и реализирање на МИО активности;
- Во иднина поактивно ќе се вклучуваат учениците во планирање на вонаставните активности и при подготовката на програмата ќе се земат во предвид и нивните идеи, размислувања, сугестии и сл.;
- Изработка на предлог проектен план за набавка на интерактивни смарт табли;
- Реализација на работилници со родителите на децата од ромската етничка група заради подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на нивните деца;
- Реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства и вклучување на учениците во проектни активности;
- Подготовка на предлог проектен план за ангажирање на тутори за работа со учениците од ромската етничка припадност;
- Истрајност и доследност на иницијативата на Советот на родители во обезбедување на квалитетна храна за сите ученици;
- Реализирање на работилници со учениците и сите вработени во училиштето, со цел подобрување на хигиената во училиштето;

- Реализација на Еко акции и воведување Еко патроли;
- Организирање обука за членови на училишни одбори;
- Воспоставување практика за оддавање признанија и мотивација на кадарот и еднакви можности за тоа;
- Воведување на електронска евиденција во училишната библиотека;
- Трансформација на училишната библиотека со современа технологија и интернет пристап, како и уредување на читателско катче за потребите на учениците и наставниците.

Комисија за изработка на самоевалуација на училиштето:

- Милена Белевска – Стручен соработник-педагог
- Марина Станиславова – Одделенски наставник
- Јасмина Анѓелкова – Одделенски наставник
- Ангелче Коцев – Предметен наставник
- Трајанка Апостолова – Предметен наставник
- Фанка Мингова Јанчева – Член од Совет на родители

**Претседател на УО:**

____________________

/ Фанка Мингова Јанчева /

**Директор:**

____________________

/ Љубица Толовска /

Скенирано со CamScanner